## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА РАКОПИСОТ "HANDUCH DER DEUTSCHEN GRAMMATIK-MORPHOLOGIE DER DEUTSCHEN GEGENWARTSSPRACHE" ОД ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ИВАНОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП

Со Одлука бр. 2402-86/14 од 2.4.2014 год. на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, донесена на 102. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 2 април 2014 год., определени сме за рецензенти на учебникот-ракопис под наслов "Handuch der deutschen Grammatik-Morphologie der deutschen Gegenwartssprache" од авторот проф. д-р Билјана Ивановска.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебникот "Handbuch der deutschen Grammatik-Morphologie der deutschen Gegenwartssprache" е наменет за предметот *Морфологија на германскиот јазик* од прв и втор семестар во прва студиска година за студентите на Катедрата за германски јазик и книжевност, насока Преведување и толкување и Наставна насока, со неделен фонд на часови 3+2+2, како задолжителен предмет со 8 кредити.

Предложениот ракопис е во согласност со Наставната програма предвидена за предметот за наведените насоки и студии и целосно ја опфаќа Наставната програма по наведениот предмет.

**Податоци за обемот ракописот:** 350 страници, А4 формат, вклучува 127 табели, а обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Учебникот "Handuch der deutschen Grammatik-Morphologie der deutschen Grammatik" претставува прво официјално издание од авторот Билјана Ивановска и како такво ги задоволува барањата на наставната материја.

**Краток опис на содржината**

Материјалот обработен во ракописот е презентиран на крајно концизен и едноставен начин и го воведува читателот во основните познавања од оваа граматичка област. Ракописот "Handuch der deutschen Grammatik-Morphologie der deutschen Gegenwartssprache" е напишан на 350 страници и содржи вкупно 8 поглавја.

Првиот дел дава вовед за лингвистиката, посебно за германистичката лингвистика и ги прикажува разликите меѓу лингвистиката и граматиката. Потоа се објаснува морфологијата како граматичка дисциплина, каде што се дава преглед на истата, нејзиното значење и дефиницијата за морфема (форми, видови, функција и поделба). Во вториот дел од ова поглавје е опишан *членот* и неговата поделба (определен и неопределен, неговите форми и местото во реченицата, како и неговата функција).

Во следното поглавје од учебникот е претставена зборовната класа на именките (нивниот род, број, падеж, деклинациски типови). Се претставуваат семантичката поделба, именските поткласи, граматичките категории род, број и падеж. Се прикажува функцијата која може да ја има оваа зборовна класа во реченицата преку конкретни и репрезентативни примери. Третото поглавје ги презентира заменките (нивната поделба на лични, рефлексивни, реципрочни, присвојни, прашални, показни, релативни, заменки, заменката *es*, нивна деклинација и сл.). Придавките (деклинациските типови по определен и неопределен член, поименчување на придавките, подредување и интензивирање на придавките) се опишани во четвртото поглавје. Петтиот дел ги обработува броевите (основни броеви, мултипликативни броеви, бројот како придавка и сл.).

Голем дел од шестото поглавје е посветен на глаголскиот систем во современиот германски јазик и тука се обработени глаголите како зборовна група - нивната конјугација, граматички категории, лице, број, време, залог (актив, пасив), /Vorgangspassiv, Zustandspassiv–градење, функција, форми/, преодност, непреодност (транзитивност/интранзитивност), повратност (рефлексивност/реципрочност), партицип 1 и 2, градење и употреба на глаголски времиња (сегашност, минатост, иднина), глаголски начин (индикатив, императив, конјунктив 1 и 2) и сите овие се потврдени со репрезентативни пример. Седмиот дел дава приказ на неменливите зборови, каде што се анализираат прилозите (функција, значење, видови), а во продолжение се опишани предлозите, извиците, сврзниците (видови, функција и нивно значење), честиците и сл. Користената литература, која е богато претставена преку современи и најнови референци од земјава и од странство е претставена во последното поглавје.

Тематските содржини на концизен и експлицитен начин се предадени и претставени преку опишување на главните наставни единици и тематски содржини според Наставниот план и програма за предметот Граматика на гемансkиот јазик – Морфологија (наслов на оригиналот: Handbuch der deutschen Grammatik – Morphologie der deutschen Gegenwartssprache) и истите ќе бидат користени во совладување на наставните содржини и предметната програма за именуваниот предмет за студентите по германистика, но и за сите оние изучувачи на германскиот јазик како странски јазик, кои имаат потреба од поблиску запознавање со граматичкиот систем на овој странски јазик. Овој учебник ќе биде од корист и значење и за сите мултипликатори кои предаваат или пак се занимаваат со длабинска анализа на овој странски јазик, како и оние македонски говорители кои го користат германскиот јазик за научни и истражувачки цели.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека ракописот „Handbuch der deutschen Grammatik – Morphologie der deutschen Gegenwartssprache“ на концизен и едноставен начин го обработува материјалот од предметот Граматика на германскиот јазик - морфологија и е во согласност со Наставниот план и програма на Филолошкиот факултет при УГД и корисно ќе им послужи на студентите – германисти од Филолошкиот факултет за совладување на наставните содржини по наведениот предмет. Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот „Handuch der deutschen Grammatik - Morphologie der deutschen Gegenwartssprache” од авторот проф. д-р Билјана Ивановска да го прифати за објавување како универзитетски учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јаготка Стрезовска, с.р.**
**Доц. д-р Валентина Илиева, с.р.**